На 30.01.2012 година просториите на Министерството за правда се потпиша писмо на намери помеѓу Амбасадорот на Кралството Холандија Marriët Schuurman и Министерот за правда Blerim Bexheti.

Со ова потпишување се означи започнувањето на Проектот „Поддршка за унапредување на имплементацијата на медијацијата во Македонија".

Проектот го финансира Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, а го имплементира Институтот за европска политика во Скопје во партнерство со Т.С.М. Асер Институтот од Хаг, Холандија.

Општата цел на проектот е да придонесе во подобрувањето на имплементацијата на медијацијата во граѓанските и трговските спорови во Република Македонија.

Се очекува со проектот да се создаде солидна и сеопфатна рамка за имплементација на медијацијата во Македонија, врз основа на објективна проценка на постоечките состојби. Конечниот ефект кој се очекува е создавање нормативна и институционална околина поволна за одржлив развој на медијацијата во Македонија, што ќе резултира со зголемен број предмети на медијацијата.

Проектните активности треба да завршат до крајот на 2012 година. Дотогаш се предвидува да се одржи тркалезна маса, како и бројни работилници, семинари, обуки, промотивни настани по различни градови, вклучувајќи и промотивни настани во судовите, стопанските комори, државната администрација и други активности.